Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по Барањето за склучување на договорот за јавна набавка поднесено од договорниот орган – Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје во постапката по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 19348/2021 за набавка на услуги - собирање, транспортирање и одлагање на комунален отпад (РЕК Битола), врз основа на член 160 став (1) точка 8 и став (2), а во врска со член 158 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019 и „Службен весник на Република С. Македонија бр. 87/2021), на 57-та Седница одржана на ден 29.12.2021 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

1. **Барањето за склучување на договорот за јавна набавка** поднесено од договорниот орган – Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје во постапката по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 19348/2021 за набавка на услуги - собирање, транспортирање и одлагање на комунален отпад (РЕК Битола) **СЕ ОДБИВА.**

2. Против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган - Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, спровел постапка по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 19348/2021 за набавка на услуги - собирање, транспортирање и одлагање на комунален отпад (РЕК Битола) и донел Одлука за избор на најповолна понуда бр.11-7/210 од 17.12.2021 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр.11-7/210 од 17.12.2021 година, жалба изјави економскиот оператор ЈП Комунална хигиена Новаци.

Договорниот орган Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост – Скопје, до Државната комисија за жалби по јавни набавки, заедно со одговорот на жалбата, поднесе и барање за склучување на договорот за јавна набавка од 28.12.2021 година во кое бара Државната комисија да одобри склучување на договорот за јавна набавка.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по Барањето за склучување на договорот за јавна набавка, одржа седница и утврди дека барањето е неосновано од причина што истото не содржи образложение согласно член 158 став (3) од Законот за јавните набавки.

Согласно член 158 став 3 од Законот за јавни набавки е наведено: „(3) Барањето за склучување на договорот или на рамковната спогодба може да се поднесе од причини поради кои може да настанат штети заради неспроведување на постапката, а кои се непропорционални на нејзината вредност.“.

Штетите кои можат да настанат заради изјавената жалба против Одлука за избор на најповолна понуда бр.11-7/210 од 17.12.2021 година, договорниот орган не ги докажа и нема наведено доволно причини во поднесеното барање така што Државната комисија нема правен основ да одобри склучување на договор за јавна набавка.

Државната комисија оцени дека договорниот орган бил должен во годишниот план да предвиди и планира доволно време за спроведување на постапката. Ова од причина што согласно член 75 став (1) од Законот за јавни набавки, врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според Законот за јавни набавки, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Од причини погоре изложени, се донесе заклучок како во диспозитивот.

Бр.09-1233/5
29.12.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
-Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје